РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1852/3
01-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), врз основа на член 22 став 1 и 3, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) постапувајќи по предмет оформен по претставка за изборни нерегуларности поднесена од познат подносител, на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година и нејзиното продолжение одржано на 01.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предмет број 12-1852/1 од 28.06.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1852/1 од 28.06.2024 година, за повреда на законските одредби во изборен процес, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

**СЕ КОНСТАТИРА** повреда на одредбите од член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик. За констатираното прекршување на законските одредби, ДКСК ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и согласно Законот за спречување на корупцијата со донесувањето на оваа одлука од нејзина надлежност ќе иницира постапка до надлежен орган.

Предметот со број 12-1852/1 од 28.06.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На ден 28.06.2024 година, до ДКСК е доставена претставка од познат подносител, заведена под бр. 12-1852/1, со наводи за сомневање за сторена повреда на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 8-а став 1 алинеја 3 и 8б од Изборниот законик, од страна на Заменик министерот за -------- ------- на Република Северна Македонија, ------ ----- при донесување на вкупно 189 решенија за распоредување на работници вработени во Министерството за --------- ------- на Република Северна Македонија, во периодот од денот на објавување на конечните резултати за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 30.05.2024 година, до изборот на Влада на Република Северна Македонија, 23.06.2024 година. Од вкупно 189-те донесени решенија, 98 решенија се однесуваат за хоризонтално распоредување на вработените во Министерството, 68 решенија за унапредување кои имаат финансиски импликации врз буџетот на Министерството и 23 решенија за распоредување со кои што им се намалува платат на вработените.
Во прилог на пријавата доставена е прилог документација, а од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

Од страна на подносителот на пријавата на ден 24.07.2024 година, доставено е дополнување на претставката, заведено под архивски број 12 – 1852/2, а по однос на констатирани дополнителни 15 решенија за распоредување и унапредување на вработените во Министерството, донесени од страна на заменик министерот во наведениот период, односно до 23.06.2024 година. Од овие решенија, 2 се однесуваат на хоризонтално распоредување на вработените со иста основна плата, изготвени по потреба и по барање, а 13 решенија се за унапредување во транспарентна постапка, кои имаат за последица финансиски импликации врз буџетот на Министерството поради зголемување на основната плата на вработените кои се унапредени.

На продолжението на 8-та седница на ДКСК одржано на 01.08.2024 година, ДКСК одлучи да се дополни Одлуката по овој предмет донесена на 8-та седница од 24.07.2024 година, по однос на тоа дека во наведениот период, односно до 23.06.2024 година, од страна на заменик министерот биле донесени и дополнителни 15 решенија за распоредување и унапредување на вработените во Министерството.

При своето надлежно постапување по оформениот предмет и од извршениот увид во целокупната документација доставена од Министерството --------- -------, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 14.02.2024 година, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, донесе Решение за распишување на избори за пратеници на Република Северна Македонија, заведено под број 09-1169/1 и Решение број 09-1168/1 за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија.

На ден 30.05.2024 година, Државната изборна комисија донесе Заклучок за завршување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 8 мај 2024 година, заведено под број 10-3082/1.

Согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија (*„Сл.весник на РМ бр.140/18")*, по престанувањето на функцијата на министерот за --------- -------, заменикот на министерот во Министерството за внатрешни работи ја презема надлежноста, односно ја врши функцијата министер за --------- ------- наредниот ден, по денот на објавувањето на конечните резултати од Државната изборна комисија за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

На ден 31.05.2024 година, ------ ---- ја презеде надлежноста за раководење на Министерството за --------- ------- (---), односно беше назначен за заменик министер, се до изборот на нова Влада на Република Северна Македонија.

На ден 23.06.2024 година, Собранието на Република Северна Македонија ја избра новата Влада на Република Северна Македонија.

Во периодот од 31.05.2024 година, до денот на изборот на Владата на Република Северна Македонија, 23.06.2024 година, во Министерството за --------- -------, од страна на заменик министерот ----- ----- донесени се **вкупно 189 решенија** од кои: 98 решенија за хоризонтално распоредување за кои нема дополнителни финансиски импликации по Буџетот на Министерството, 68 решенија за унапредување, со кои вработените биле унапредени од пониско во повисоко ниво на работно место со зголемување на нивната основна плата кое што предизвикало дополнителна фискална импликација за Министерството и 23 решенија за распоредување со кои на работниците им се намалува основната плата. Исто така, од страна на наведеното лице, во наведениот период, односно до 23.06.2024 година, донесени се и **дополнителни 15 решенија** за распоредување и унапредување на вработените во Министерството, од кои 13 решенија за

унапредување на вработените на кои им се зголемува основната плата имаат фискална импликација врз Буџетот на истото.
Некои од унапредувањата се направени по потреба на институцијата, некои во транспарентна постапка, некои за замена на отсутен работник, а за некои е нагласено дека за истото не бил исполнет условот вид на образование, а некои не биле донесени во согласност со Законот за полиција
Сите наведени Решенија се донесени во период од 07-15.06. до 20.06.2024 година и се потпишани од страна на заменикот на министерот за --------- -------.
Пријавеното лице повеќе не ја извршува функцијата заменик на министерот за --------- -------.

Согласно член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: *„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи."*
Согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик:*„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи."*

Од фактичката состојба за случајот, ДКСК утврди дека наводите изнесени во поднесената Пријава-Претставка се основани, поради тоа што со дејствијата преземени од страна на Заменик министерот за --------- -------, по однос на

донесените решенија за распоредување, не се испочитувани забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик односно, донесени се решенија за распоредување иунапредување на вработени, во период кога се уште не бил завршен Изборот на Влада на Република Северна Македонија.

Целта на забраните предвидени во цитираните членови е да се даде сигурност дека овластените лица нема да ги користат своите овластувања за политички или лични интереси за времетраењето на изборите, односно да се спречи искористувањето на службената положба и овластувањата како средство за политички влијанија во текот на изборниот процес. Прераспоредувањето на работни места значи повисока плата и подобри услови, оносно намалување на плата и влошување на условите за работа на работниците опфатени со предметните решенија. Ваквото постапување на Заменик министерот за --------- ------- неспорно имплицира финансиски реперкусии за прераспоредените работници што самото по себе претставува ризик фактор за политички влијанија во текот на изборниот процес. Ваквите прераспоредувања можат да бидат искористени како средство за политички притисок, кое нешто го зголемува ризикот од корупција во јавните институции.

Ваквото постапување е спротивно и на член 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно, претставува апсолутна повреда на начелото на законитост согласно кое никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба, за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице, а најмалку не за политички интерес.

Поради тоа, од денот на донесување на Одлука за распишување на избори, па СЕ ДО завршување на изборот за пратеници во Собранието на РСМ, односно изборот на Влада на РСМ (или во конкретниот случај до изборот на Владата) постои законска пречка за распоредување и унапредување на работници во Министерството за --------- -------. Ова нешто, на заменик министерот му било укажано и од страна на Директорот на ------ -- ----- -------, со допис рег бр.23.6-3105/1 од 17.05.2024 година но, истото не било земено во предвид, односно и покрај тоа, Заменик министерот продолжил со распоредувањата.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, ДКСК констатира дека во конкретниот случај наводите содржани во Пријавата - Претставка со број 12-1852/1 од 28.06.2024 година, за сторени повреди на одредбите од членот 34 став 1 алинеја 3

од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик се основани. **За констатираното прекршување на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и ќе иницира постапка до надлежен орган.** Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б. советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен м-р. И.П., раководител на сектор
Одобрил: Т.Д., Претседател

Доставено до:
- Подносителот на пријавата